Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**Воспитно поправен дом Тетово**

Бр.03-622/1
Тетово, 13.10.2021 год.

Врз основа на член 31 од Закон за извршување на санкции („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/2019 и бр.220/2019), член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр.196/15 и бр.35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилникот за надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2016), Директорот на –ВПУ Воспитно поправен дом Тетово донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите**

1. Се назначува и овластува административниот службеник **Тони Спасеновски**, вработен во ВПУ Воспитно поправен дом Тетово, на работно место со звање *Раководител на одделението за правни, општи работи и јавни набавки* за овластено лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса – ВПД Тетово, с.Волковија бб, општина Брвеница, тел: 042/311-611, е-маил: vpd.hrm@gmail.com

2.Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи е должно:
-Да постапува по пријавувањето со почитување на интерните процедури за прием на пријави од укажувачи;
-Да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
-Да го информира укажувачот кој е познат за превземаните мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
4. Решението да се објави на веб страната на Управа за извршување на санкциите и на огласна табла на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово.

*Образложение*

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачи и член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, како и член 2 од Правилникот за надворешно пријавување, Директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово донесе Решение со кое определи овластено лице за ВПУ Воспитно

поправен дом Тетово прием на пријави од укажувачите кое согласно со одредбите од Законот за заштита на укажувачи, како и процедурите утврдени со интерните процедури за прием на пријави од укажувачи; да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со интерните процедури за прием на пријави од укажувачи; да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземаните мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 15 дена од денот на прием на истото.

ДОСТАВЕНО ДО:
-овластено лице
-веб страна на УИС
-огласна табла на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово
-Архива
-Државна комисија за спречување на корупција во РСМ

ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ · SHTËPIA PËRMIRËSUESE EDUKATIVE · Република Северна Македонија · Republika e Maqedonisë së Veriut · TETOVË · ТЕТОВО

ДИРЕКТОР НА
Воспитно поправен дом Тетово
Даниел Антоски


С Волковија, Брвеница, Тетово
Република Северна Македонија
+389 42 311 661
www.pravda.gov.mk